Auswärtiges Amt

Здружение на граѓани Институт за човекови права
Бр. 0506-87/2
19.10. 2021 год.
СКОПЈЕ

Институт за човекови права

За потребите на проектот „Заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза “ (финансиран од Германска амбасада), а врз основа на Договорот за грант меѓу Институтот за човекови права (ИЧП) и Германската амбасада во Скопје бр. 0307-41/1 од 28.05.2021 година, претседателката на Институтот за човекови права испраќа:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ**
**За ангажирање на експерти за изготвување на два курса за заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза**

Институтот за човекови права (ИЧП) во рамките на проектот „ Заштита од дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза" финансиран од Германската амбасада во Скопје има потреба од набавка на четворица експерти за изготвување на курсеви за заштита од дискриминација, врсничко насилство (булинг) и говор на омраза за наставници (педагози) и ученици во средно образование.

1. Опис на услугата

Услугата вклучува:

- Креирање на материјали со лекции поврзани со секое поглавје на курсевите;
- Снимање на едукативни видеа со содржината на материјалите на курсевите;
- Изготвување на прашања за секое поглавје на курсевите (со понудени одговори) и
- Креирање на едукативен материјал за двата курсеви.

Подетален опис на услугата е содржан во техничката спецификација.

2. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

Услугата потребно е да се испорача: најдоцна до 24.12.2021 година.

ИЧП го задржува правото на утврдување на временската рамка за испораката на нарачаните услуги.

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана.

Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Биографија со искуство
- Листа со референци
- Финансиска понуда (согласно приложениот формат подолу)- за оваа активност предвидени се 8 работни дена од еден експерт.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Р. бр. | Услуга/стока | Количина (број на денови) | Цена во бруто износ (во МКД) |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на едукативни курсеви за дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза | **8** | |
| | **Вкупно** | **--------** | |

4. Изборот на експерти ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.

5. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши и избор на понуда е следната:

| **Квалитативна евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---|
| Искуство (биографија) | 30 |
| Листа на референци | 30 |
| Вкупно бодови за квалитативна евалуација | 60 |
| **Финансиска евалуација** | **Максимум можни бодови** |
| Вкупно бодови за финансиска евалуација | 40 |
| **Финална евалуација** | |
| Просечна оценка за квалитативна евалуација | 60 |
| Просечна оценка за финансиска евалуација | 40 |
| **Вкупна оценка** | **100** |

6. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по изработка на едукативните курсеви за дискриминација, врсничко насилство и говор на омраза.

7. Начин на доставување на понудите

Понудите се доставуваат во електронска форма на е-поштата jelena.kadric@ihr.org.mk, со назнака: „Едукативни курсеви за дискриминација, врсничко насилство  и говор на омраза “.

Краен рок на доставување на понудите е до 27.10.2021 година. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-поштата jelena.kadric@ihr.org.mk најдоцна до 25.10.2021 година.

**Маргарита Цаца Николовска**

**Претседателка на**
**Институтот за човекови права**

Институт за човекови права СКОПЈЕ